Врз основа на чл.40 став 4 од Правилата за котација, согласно Одлуката за измени и дополнувања на Правилата за котација која стапи во сила на 21.08.2018 година, **Акционерското друштво РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА-Скопје**, заедно со годишните неревидирани, неконсолидирани финансиски извештаи за период од 01.01.2023 - 31.12.2023 година објавува и

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**кон резултатите на годишните неревидирани и неконсолидирани финансиски извештаи за период од 01.01.2023 -31.12.2023 година.**

**<u>Општи податоци</u>**

-Акционерско друштво РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА-Скопје, со седиште на бул.”3-та Македонска бригада” бб-Скопје, со ЕМБС: 4053222

-E-mail rk@radekoncar--ad.com.mk

-Едностепен систем на управување: Одбор на директори во состав од 5 (пет) члена од кои еден извршен директор и четири неизвршни членови на Одборот на директори.

-Претежна дејност 64.20, управувачки активности со холдинг компанија.

**<u>Подетално образложение за работењето на друштвото по годишните неревидирани и неконсолидирани финансиски извештаи за 2023 година за период од 01.01.2023 do 31.12.2023 година.</u>**

**а)** Во периодот од 01.01.2023 do 31.12.2023 година, нема промени во сметководствените политики во однос на последните годишни финансиски извештаи.

**б)** Акционерското друштво во периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година оствари нето добивка од 30.323.598,00 денари, а во деловната 2022 година, добивката изнесуваше 8.534.895,00 денари.
Намалената добивка во претходната година е како резултат на учеството во загубата на придружно друштво во кое акционерското дрштво има свое вложување од 40%.
Во извештајниот период остварен е вкупен приход од 41.881.639,00 денари.
Во структурата на приходи во овој период влегуваат:

- Приходи од исплатените дивиденди остварени од добивката во 2022 година од друштвата во кои акцинерското друштво има свои вложувања кои во 2023 година се на ниво од претходната година.

- Приходи од извршени услуги и наемнини од издавање на деловен простор кои се намалени за 5%.
- Приходи од тргување со хартии од вредност по кој основ е остварена капитална добивка, при што истите се за 9% повисоки од претходната година.
- Приходи од удел во добивката на придружните друштва кои во 2023 година изнесуваат 4.040.495. денари. Овие приходи неможат да се споредат со истите од преходната година поради тоа што во 2022 година беше искажана загуба по тој основ во едно придружно друштво.

Остварениот позитивен резултат укажува на тоа дека Друштвото и оваа година се стреми кон остварување на високи приходи и висок финансиски резултат.

**в)** Вкупните расходи во периодот од 01.01.2023 -31.12.2023 година, изнесуваат 9.627.104.00 денари.
Менаџментот на акционерското друштво се стреми кон намалување на расходите и остварување на подобри финансиски резултати.

**г)** Во извештајниот период има исплатена дивиденда на акционерите од страна на акционерското друштво.

**д)** Во извештајниот период, нема вложувања во недвижнини, додека во материјални средства има минимални вложувања.

**ѓ)** Во извештајниот период друштвото не користеше кредити.

Во наредниот период се очекува добивката да се зголеми по основ на финансиски приходи од дивиденда и капитална добивка од пласирани средства во хартии од вредност, како и евентуално од позитивен исход од судските постапки кои акционерското друштво ги води во својство на тужител.

Заложба на Одборот на директори како долгорочна политика е да се одржува ликвидноста на друштвото и редовно да се исполнуваат сите законски обврски на друштвото вклучително и да се исплаќаат сите потребни давачки кон државата и доверителите. Посебно, Одборот на директори ќе се стреми да се постигнат што повисоки финансиски резултати и да се врши редовна исплата на дивиденда на акционерите според остварената добивка.

**АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА-СКОПЈЕ**